FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ/КА

**за изготвување на Извештај за бесплатна правна помош**

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Хелсиншкиот комитет за човекови права, во рамки на *„Унапредување на заштитните механизми за бесплатна правна помош и говор на омраза во Република Северна Македонија“*, поддржан од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија, објавува повик за ангажирање на експерт/ка за подготовка на извештај за бесплатна правна помош.

Анализата треба да го опфати давањето на бесплатната правна помош како и сите релеванти квалитативни и квантитативни елементи на истата.

Позиција: Експерт/ка за изготвување на Извештај за бесплатна правна помош

**Одговорности и задачи:**

Експертот/та за подготовка на Анализа за ќе ги има следните задачи:

- Анализа на податоци;
- Утврдување и развој на содржината, со вклучени заклучоци и препораки;
- Експертот/ката се ангажира за периодот 15.04.2024-15.05.2024;
- Соработува со координаторот на проект и експертскиот проектен тим и ги почитува договорените рокови.

**Спроведување на активностите**

За изработка на Анализата предвиден е надоместок во бруто- износ од 800 долари (во денарска противвредност по курсот предвиден во проектот) за целокупниот ангажман. Исплаќањето ќе се изврши по завршувањето на финалната верзија на документот.

**РОК И НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

За пријавување кандидадот/ката треба да достави професионална биографија со наведени референци од напишани претходни трудови во бараната област.

**Краен рок за доставување на апликациите е 29.03.2024 година.**

Апликациите треба да се доставаат на следната електронска адреса: slavica.anastasovska@mhc.org.mk со наслов „Експерт/ка за изработка на извештај за БПП“.

Апликациите кои нема да ја содржат комплетната документација, нема да бидат земени предвид. Комисијата за избор ќе го извести експертот/тата за конечниот избор најдоцна 8 дена по завршувањето на крајниот рок.

Скопје, 2024